ИЗВРШИТЕЛ
Весна Деловска
именуван за подрачјето на
Основен Граѓански суд Скопје
Основен Кривичен суд Скопје
ул.Антоние Грубишиќ бр.2/1-4
тел. 02 3111 533

Образец бр.29

И.бр.30/2022

Извршителот Весна Деловска од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Халк Банка од Скопје со ЕДБ 4030993162028 и седиште на ул.Св Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа – Нотарски акт – Договор за залог врз подвижни предмети со својство на извршна исправа ОДУ бр.235/18 од 23.4.2018 на Нотар Иљхам Ислами, против **должникот Друштво за транспорт,трговија и услуги СКАЛ ТУРИЗАМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со ЕДБ 4080015554779, со ЕМБС 7075952 и седиште на ул.11ти Октомври бр.2-6/4,** за спроведување на извршување во вредност 39.923,00 Евра во денарска противвредност според среден курс на НБРСМ на денот на плаќање, на ден 16.05.2022 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ВТОРА ПОВТОРЕНА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** втора повторена продажба со усно јавно наддавање на следниот подвижен предмет:
-Автобус марка Mercedes Benz, комерцијална ознака: TRAVEGO 0 580-15 RHD, рег. ознака: SK – 5650-BD, број на шасија: WEB62901113520485, година на производство 2002, категорија и вид на возило: М3 Патничко, облик и намена на каросерија: автобус на едно ниво, тип на мотор: OM457LAIII6, зафатнина на мотор: 11967, сила на мотор 310, вид на гориво дизел, идентификационен број на возилото: 45794400009542, маса на возилото: 13300, број на оски 2, според сообраќајна дозвола МК 3284444, издадена од МВР Скопје сопственост на третото лице ДТТУ РЕИС ТУРИЗАМ ДООЕЛ Скопје.

со вредност од **21.000,00 Евра** во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата, по предлог на доверителот од 28.02.2022 година, која вредност преставува почетна цена за второто повторено усно јавно наддавање.

Предметот е оптоварен со следните товари: Записник за попис и процена И.бр.30/2022 од 31.01.2022 година на Извршител Весна Деловска врз основа на чл.103, 104 и 105 од ЗИ и залог во корист на доверителот Халк банка АД Скопје.

Продажбата ќе се одржи на ден **14.06.2022 година во 11:00 часот** во просториите на Извршител Весна Деловска Скопје на ул.Антоние Грубишиќ бр.2/1-4.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 ( една десетина) од утврдената вредност на подвижниот предмет.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на сметка на извршителот со бр.250001002663794 која се води кај Шпаркасе банка Македонија АД Скопје и даночен број МК5080010500763, **со назнака гаранција за И.бр.30/22, најдоцна до 13.06.2022 година. Доказ за извршена уплата на име гаранција е Извод од посебната сметка на Извршителот**.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова македонија и на веб страницата на Комората на извршители на РСМ.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат со претходна најава кај извршителот.Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на наддавањето по нивно барање.

**ИЗВРШИТЕЛ**
**Весна Деловска**

Д.-на: - доверител, заложен должник, архива
**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.